ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 09-5282/16
15.11.2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Градоначалникот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по интерен оглас број 04/2022**

1.За извршител на работно место:
- **Советник за развој и промоција на спортот** во Одделение за образование, млади и спорт во Сектор за јавни дејности, како прво рангиран кандидат се избира Трајанка Тасевска, со освоени вкупно 29,35 бода.

2.Именуваната од точка 1 на оваа одлука ќе биде унапредена на работното место **Советник за развој и промоција на спортот** во Одделение за образование, млади и спорт во Сектор за јавни дејности по завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во врска со Интерниот оглас бр.04/2022, објавен на веб страната на општината и Агенцијата за администрација на ден 27.10.2022 година за унапредување на административен службеник на работно место – Советник за развој и промоција на спортот во Одделение за образование, млади и спорт во Сектор за јавни дејности, Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник, формирана со Решение бр. 09-5282/10 од 08.11.2022 година, донесено од страна на Градоначалникот на општината, по спроведената административна селекција и спроведеното интервју со кандидатот, составува финална ранг-листа и му го предлага прворангираниот кандидат на Градоначалникот.

Врз основа на доставениот предлог се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, односно денот на приемот на одлуката.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје**
**м-р Горан Герасимовски**

Доставено до:
-Административен службеник;
-Одделение за управување со човечки ресурси.